Во согласност со Законот за спорт на Република Северна Македонија, Статутот на Тениската Федерација на С.Македонија (во понатамошен текст ТФСМ), како и во усогласеност со принципите и стратешките насоки на Меѓународната Тениска Федерација / International Tennis Federation (ITF), вклучително и глобалната иницијатива Advantage All за родова еднаквост во тенисот, Управниот одбор на ТФСМ / на седница одржана на ден 05.03.2026 година ја усвои следната:

# ПОЛИТИКА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

на Рениска федерација на Северна Македонија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Оваа политика има за цел да ги унапреди родовата еднаквост и инклузија во тенисот, обезбедувајќи еднакви можности, третман и вредност за сите, во согласност со Advantage All Gender Equality Strategy на International Tennis Federation (ITF).

Со овој документ се утврдуваат принципите, целите и мерките за обезбедување и унапредување на родовата еднаквост во работењето, управувањето и сите активности на ТФСМ.

**Член 2**

Родовата еднаквост претставува темелна вредност на ТФСМ и подразбира еднаков пристап, еднакви можности, еднаква вредност, еднаков глас и учество на жените и мажите во сите аспекти на тенискиот спорт.

## II. ПРИНЦИПИ И СТРАТЕШКИ СТОЛБОВИ

**Член 3**

ТФСМ во своето работење ги применува следните принципи: еднаквост и недискриминација; еднакви можности за учество и напредување; фер и транспарентен избор и именување; заштита од вознемирување, злоупотреба и насилство; почитување на достоинството и интегритетот на секое лице.

**Член 4**

Во своето дејствување, ТФСМ ги следи 5те стратешки столбови утврдени во Advantage All програмата на ITF:

**1. ПОДДРШКА** - Поддршка на жени и девојки да:
- учествуваат,
- напредуваат,
- преземаат лидерски улоги како спротистки, тренери, судии и функционери.

**2. БАЛАНС -** Создавање на балансирани можности во:
- управувачките тела,
- тренерски и судиски структури,
- програми за развој.

**3. КУЛТУРА** - Градење на инклузивна тениска култура:
- без дискриминација,
- без родови стереотипи,
- со нулта толеранција кон вознемирување и злоупотреба.

**4. ВРЕДНОСТ:** Признавање и промоција на вредноста на:
- женскиот тенис,
- женските улоги во спортот,
- еднаква медиумска и маркетинг поддршка.

**5. ГЛАС**: Обезбедување жените да имаат:
- глас во одлучувањето,
- присуство во медиумите,
- можност да влијаат врз политики и стратегии.

## III. РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО УПРАВУВАЊЕТО

**Член 5**

При избор и именување на органите, телата, комисиите и работните групи на ТФСМ се води сметка за соодветна и балансирана родова застапеност, во согласност со начелата на еднаквост и стручност.

**Член 6**

ТФСМ поттикнува активно учество на жени во управувачките и раководните структури, како и во процесите на одлучување.

## IV. СПОРТИСТИ, СТРУЧНИ КАДРИ И ПРОГРАМИ

**Член 7**

ТФСМ обезбедува еднакви услови за:

- учество во натпреварувања;
- избор во репрезентации;
- пристап до тренинг, подготовки и стручна поддршка;
- доделување награди, признанија и финансиска поддршка.

**Член 8**

При избор, ангажман и едукација на стручни кадри (тренери, судии, делегати, селектори) не е дозволена директна или индиректна дискриминација по родова основа.

## V. ЗАШТИТА ОД ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Член 9**

ТФСМ има политика на нулта толеранција кон:

- сексуално вознемирување;
- родово базирано насилство;
- злоупотреба на положба;
- било каква форма на дискриминација.

**Член 10**

Пријавување на било кое незаконско постапување во врска со вознемирување и дискриминација го врши Комитетот за заштита при ТФСМ, кој е должен да преземе дејствија согласно Правилникот за заштита од сексуално вознемирување, родово базирано насилство, злоупотреба на положба, дискриминација и safeguarding.

## VI. СПРОВЕДУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ

**Член 11**

За спроведување на оваа Политиката за родова еднаквост се грижат Претседателот, и органите на ТФСМ, сите членови на комитети и комисии, вработените и членовите во ТФСМ.

**Член 12**

Со одлука на Управниот одбор на ТФСМ, се назначуваат членовите на Комитет за родова еднаквост задолжено за следење на примената на родовата еднаквост и предлагање мерки за нејзино унапредување.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 13**

Оваа Политика стапува на сила со денот на нејзиното донесување и се применува на сите органи, членки, функционери, спортисти и ангажирани лица во рамките на ТФСМ.

**Член 14**

Федерацијата ќе ја ажурира и унапредува оваа Политика согласно идните насоки, препораки и стратегии донесени од International Tennis Federation (ITF) во областа на родовата еднаквост.

Скопје, 05.03.2026 година

Тениска Федерација на С.Македонија
Александар Ивановски, Претседател на УО